# СОВРЕМЕНИ НАУЧНИ СОЗНАНИЈА ВО НЕВРОЛОГИЈАТА И НИВНА ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА

*ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ СКОПЈЕ*

*СПЛОШНА БОЛНИЦА НОВО МЕСТО, СЛОВЕНИЈА(октомври-ноември 2015 год.)*

*Др.Миле Тодоровски*

*Датум на презентација:*



Во период од 21.10.2015 до 06.11.2015.год.согласно програмата за едукација на медицинскиот персонал во странство, од страна на Министерството за здравство на Р. Македонија, престојував во Сплошна Болница Ново Место - Словенија, со цел - проширување и добивање нови сознанија за современи дијагностички методи и современ терапевтски третман кај заболувањата на нервниот систем.

Сплошна Болница Ново Место е регионална болница која згрижува пациенти од територија на населените места Ново Место, Чрномељ, Метлика, Требња,дел од Кршко,како и за поедини специјалности за населените места Брежице и Севница,со вкупен број на население од околу 130.000 жители.



Во болницата функционираат:

-специјалистички амбуланти
-одделенија за лежечки болни
-одделеније за дијализа
-гинеколошки диспанзер (функционира како дел од примарната здравствена заштита)

Болницата ги има сите специјалистички амбуланти и одделенија за лежечки болни,сем одделение за психијатрија и онкологија и амбуланта за нуклеарна медицина.

Према дадените напаствија и задачи од страна на менторот за едукативниот престој, Др. Марјанца Божиќ, учествував во следните активности:

-утрински рапортни состаноци

-визита кај лежечките болни,заедно со собните лекари

-работа во амбуланта заедно со лекарите одредени према распоред за работа во соодветна амбуланта

- -за ургентна неврологија
- -невролошка амбуланта
- -амбуланта за третман на пореметување на сонот
- -амбуланта за УЗ дијагностика на екстракраниални крвни садови
- -амбуланта за електрофизиолошки иследувања-ЕЕГ и ЕМНГ



Во тек на престојот и активното следење на работата во ургентната амбуланта се запознав со националната мрежа Теле-Кап,со која се организира третманот на болни кој живеат во географски  места каде нема специјализирани центри за адекватен третман на акутни цереброваскуларни заболувања. Мрежата овозможува по направените иследувања- клинички преглед, направен КТ на мозок,ЕКГ,лабораториски иследувања, преку контакт со центарот во Љубљана со телефон и интернет врска,се добијат инструкции за третманот и активно следење на состојбата на пациентот со видео камера. Со самиот третман се избегнува губење време и може да се примени тромболиза во првите четири часови и половина, со што лекувањето е поуспешно, а последиците по здравјето на пациентите помали.

По предходно искажаниот интерес, главна цел на едукативниот престој ми беше запознавање со индикациските потреби,работата и интерпретација на добиените вредности кај ЕМНГ иследувања. ЕМНГ (електромионеурографија) преставува неурофизиолошка метода со која се испитува електричната активност кај мускулите и спроводливост на електрични импулси низ сензитивни и моторни нерви.



- Со ЕМГ се испитува електричната активност на мускулите и се добиваат сознанија:
  -дали постои заболување на мускул
  -дали промената има миогена или неурогена особина
  -дали е локализирана или зафаќа поголем број на мускули
  -дали промените се комплетни или парцијални.
- Со ЕНГ се испитува:
  -брзина на спроведување електрични импулси низ периферните моторни и сензитивни нерви
  -испитување на Н рефлекс, Blink, F талас.

Индикации за ЕМНГ иследувања се следните состојби:

- -Заболувања на мускулите
  - -миопатии(вродени или стекнати)
  - -мускулни дистрифии
  - -полимиозитис
- -Заболувања на периферниот нервен систем
  - -неуропатии (вродени или стекнати [дијабетична,уремична,алкохолна]
  - -оштетување на нервните корени, најчесто во вратниот и лумбосак-ралниот дел од рбетниот столб, т.н.радикулопатии
  - -оштетување на нервните снопови или плексуси, т.н.плексопатии (во склоп на дијабетична полинеуропатија,при инфекции,трауми или при малигни заболувања)
- -Болести на мото-неуронот
  - -АЛС
  - -спинални мускулни атрофии
- -Заболувања на неуро-мускулна врска (синапса)
  - -миастенија гравис
  - -миастеничен синдром
- -Миотонии(конгенитални или стекнати)
- -Повреди на периферните нерви и плексуси
- -Заболувања и повреди на кранијални нерви (n.facialis)
- -Поретки индикации за иследување на:
  - -неуровегетативна дисфункција
  - -пореметување на мокрење и дефекација(инконтиненција или ретенција)

За изведување на ЕМНГ снимање, неопходно е:

-соодветна просторија(доволно пространа,изолирана од надворешните влијанија,пријатно затоплена, опремена со соодветен мебел за пациентот и работниот персонал

-апаратура за ЕМНГ иследување со соодветни електроди (стимулациони и регистрациони)

-едуцирана медицинска сестра-техничар

-лекар специјалист-Невролог, едуциран за работа со ЕМНГ апарат и вршење снимање, како и правилна интерпретација на добиените вредности и давање соодветно мислење-дијагноза за видот на промената на електрофизиолошката активност кај мускулите или нервите.

# ЗАКЛУЧОЦИ

Едукативниот престој ми овозможи надополнување на досегашните знаења од областа на неврологијата, проширување на знаењето, особено за современите дијагностички процедури и современиот терапевтски третман кај болните со заболување на ЦНС и ПНС, како и кај заболувања на мускулите, истовремено се запознав и со ТЕЛЕКАП, национален систем на 24 часовна поврзаност со центар за третман на  мозочни исхемични инсулти со помош на телефон и интернет врска на сите болници кој третираат такви болни.

Корисноста од престојот е и што секогаш треба да се бараат нови знаења, истите да се применуваат во интерес на пациентите, како и да се согледаат потребите од соодветна апаратура за одредени иследувања кој имаат голема примена и соодветно надополнување во дијагностиката. Престојот и согледаните нови дијагностички можности, како и нивната адекватна примена во поставувањето на прецизна дијагноза, наметнува истовремено и потреба од истата да биде набавена и ставена во функција во установата во која работам,со цел дијагностиката да се заокружи и подобри адекватното лекување на заболувањата на ПНС и мускулите